Врз основа на чл. 55 став 1 и чл.56 ст.1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на РМ бр.58/00, 44/02), а во врска со Законот за странска информативна дејност во Република Македонија (Службен весник на РМ бр.143/12), Министерот за надворешни работи донесе

**Правилник за акредитирање на странски привремени и постојани дописници во Република Македонија**

**I. Општи одредби**

Чл.1

Со овој Правилник се регулира начинот на акредитирање на странски привремени и постојани дописници во Министерството за надворешни работи (во натамошен текст: Министерството)

Чл.2

(1) Постојан дописник е дописник на печатени и електронски медиуми, фоторепортер, филмски и телевизиски снимател кој работи за странска новинска агенција, кој ја врши својата дејност и престојува на територија на Република Македонија подолго од 30 дена.

(2) Привремен дописник е дописник на печатени и електронски медиуми, фоторепортер, филмски и телевизиски снимател кој работи за странска новинска агенција, кој ја врши својата дејност и престојува на територија на Република Македонија помалку од 30 дена.

**II. Регистрација на странски дописништва и дописници**

Чл.3

(1) Барањето за регистрирање на странските дописништва и на постојаниот странски дописник го поднесува главната дирекција на странскиот печатен и електронски медиум.

(2) Барањето за регистрирање на постојаните службеници на странското дописништво го поднесува раководителот на странското претставништво.

Чл.4

(1) Постојан дописник на странски печатени или електронски медиуми кој престојува во некоја друга земја, може да се регистрира како привремен дописник доколку повремено престојува во Република Македонија заради вршење на информативна дејност.

(2) Постојаниот и привремениот дописник за време на престојот во Република Македонија имаат исти права и обврски.

Чл.5

(1) Барањето за регистрирање на странските дописништва и на постојаниот и привремениот странски дописник се поднесува до Директорат за дипломатски протокол.

(2) Со барањето на постојаниот странски дописник се приложуваат:

- Оригинал писмо од медиумот кој поднесува барање
- Професионална биографија
- Фотокопија од пасош и
- Фотографија во електронска форма

(3) Со барањето на привремениот странски дописник се приложуваат:

- оригинално писмо од медиумот и редакцијата
- кратка програма на посетата
- копија од пасош

(4) Со барањето на хонорарниот дописник (фриленсер) се приложуваат:

- копија од објавени статии
- меѓународна прес карта или друг документ (договор за работа и сл.) со кој ќе потврди дека се занимава со новинарство
- фотографија во електронска форма
- копија од пасош

(5) Откако ќе бидат примени комплетираните документи, истите се доставуваат на разгледување и одобрување до Секторот за односи со јавност, кој писмено ги известува Директоратот за дипломатски протокол и Директоратот за организациони работи за својот став во однос на тоа дали се исполнети условите за издавање на акредитација или не.

Чл.6

(1) По добиената позитивна одлука од Секторот за односи со јавност Директоратот за организациони работи изготвува решение потпишано од Министерот за надворешни работи или друго од него овластено лице, заради запишување во регистарот за издадени решенија за регистрација во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето.

(2) Решението за регистрација се издава на период од една година.

(3) По добивањето на решението, Директоратот за дипломатски протокол, ја изработува акредитационата картичка и го евидентира издавањето во регистар.

Чл.7

(1) На привремениот дописник, врз основа на поднесено барање Секторот за односи со јавност му издава Одобрение за вршење на дејност на територија на Република Македонија.

(2) Одобрението се издава во рок од пет работни дена, од денот на поднесување на документите.

## III. Продолжување на регистрацијата

Чл.8

(1) Регистрацијата на постојаниот странски дописник се продолжува секоја година.
(2) Барањето се поднесува најдоцна 15 дена пред истекот на рокот на важење на регистрацијата.
(3) Директоратот за организациони работи изготвува решение за продолжување на регистрацијата потпишано од Министерот или друго од него овластено лице, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за продолжување на регистрацијата.
(4) Сите промени на податоците кои настанале после издавање на решението за запишување во регистарот, задолжително се наведуваат во барањето.

## IV. Издавање на акредитација

Чл.9

(1) На регистрираниот странски дописник му се издава акредитација која потврдува дека дописникот е овластен на територија на Република Македонија да врши дејност која се однесува на собирање информации заради пренесување до странски печатен или електронски медиум.
(2) Акредитацијата има важност од една година и истата може да биде продолжена, согласно условите наведени во чл. 8 од овој Правилник.

Чл. 10

Постојаниот дописник, кој има важечка акредитација во моментот кога му престанува работата на територија на Република Македонија, должен е истата да ја врати во Министерството во рок од 15 дена од денот на престанок на вршење на работи како странски дописник.

## V. Водење на регистар

Чл.11

(1) Директорат за дипломатски протокол води регистар на издадени решенија за регистрација и за продолжување на регистрација.
(2) Начинот на водење на регистар го одредува Директоратот за дипломатски протокол, во согласност со Министерот за надворешни работи.

## VI. Бришење од регистарот

Чл.12

(1) Странското дописништво или странскиот дописник доколку не се придржува кон прописите во Република Македонија, може да биде избришан од регистарот, согласно позитивните законски прописи во Република Македонија.
(2) Против донесеното решение незадоволната странка може да поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**IX. Преодни и завршни одредби**

Чл.14

Овој Правилник влегува во сила на денот на неговото објавување на интерната веб страна на Министерството.

Бр. 01-759/1
Датум 01.02.2013

Министер,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ
СКОПЈЕ